РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-125/4
18.03.2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21 и 58/24), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 24 седница одржана на 25.02.2025 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Графичко инженерство и дизајн“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Технички факултет Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола**

1. Се акредитира студиската програма „Графичко инженерство и дизајн“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Технички факултет Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2025/2026 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на технички науки од областа на графичко инженерство и дизајн /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Technical Science in Graphic Engineering and Design. Научно - истражувачко подрачје: 2 Инженерство и технологија Научно – истражувачко поле: 2.03 Машинство, Научно - истражувачко област: 62.03.00.01 Производна инженерство, технологии и системи, 2.03.00.03 Општо Графичко инженерство и дизајн, проектирање и машински конструкции, 2.03.00.10 Термичко и енергетско инженерство.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Томе Јолевски.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 14-111/7 од 29.01.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Графичко инженерство и дизајн“, трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Технички факултет Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08-156/2 од 30.01.2025 година (наш бр. 08 - 125/1 од 31.01.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 23-та седницата одржана на 17.02.2025 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 125/3 од 05.03.2025 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 24-та седница одржана на 25.02.2025 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски